ЕВРОТИНК
ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ
CENTER FOR EUROPEAN STRATEGIES
EUROTHINK
eurothink.mk

# ЕВРОМЕТАР НОЕМВРИ 2021

## ПЕРЦЕПЦИИ И СТАВОВИ НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА РАБОТАТА НА ПОЛИЦИЈАТА – ИСТРАЖУВАЊЕ СПРОВЕДЕНО ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ПРОЕКТОТ

## ***„КОН ТРАНСПАРЕНТНА, ОТЧЕТНА И ИНКЛУЗИВНА ПОЛИЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“***

NED NATIONAL ENDOWMENT FOR DEMOCRACY
SUPPORTING FREEDOM AROUND THE WORLD

24 поглавје

ЕВРОМЕТАР

**Издавач:**
**ЕВРОТИНК - Центар за европски стратегии - Скопје**

**За издавачот:**
Димитар Николовски, Извршен директор

**Автор:**
Александар Стојановски

**Графичко уредување:**
Сашка Дескоска

**Лектура:**
Бобан Карапејовски

**ноември, 2021**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

351.74:316.654(497.7)(047.31)

**СТОЈАНОВСКИ, Александар**
Перцепции и ставови на граѓаните на Република Северна Македонија за работата на полицијата – истражување спроведено за потребите на проектот „Кон транспарентна, отчетна и инклузивна полиција во Република Северна Македонија“ [Електронски извор] / [автор Александар Стојановски]. - Скопје : Центар за европски стратегии Евротинк, 2022

Начин на пристапување (URL): http://bitly.ws/nAUw
- Текст во PDF формат, содржи 18 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 05.01.2022

ISBN 978-608-4923-23-7

а) Полиција -- Јавно мислење -- Македонија -- Истражувања

COBISS.MK-ID 56058885

*Публикацијата е изработена во рамките на проектот* **„Кон транспарентна, отчетна и инклузивна полиција во Република Северна Македонија“**, *спроведен од ЕВРОТИНК – Центар за европски стратегии, а финансиски поддржан од Националниот фонд за демократија на Соединетите Американски Држави.*

*Гледиштата изразени во оваа публикација не ги одразуваат секогаш гледиштата на Националниот фонд за демократија на Соединетите Американски Држави или на нивните партнери.*

# СОДРЖИНА


01 МЕТОДОЛОШКА БЕЛЕШКА 5

02 РЕЗИМЕ - КЛУЧНИ НАОДИ 6

03 ДОВЕРБАТА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ 8

04 ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ПОЛИЦИЈАТА 9

05 ЛИЧНО ИСКУСТВО СО ПОЛИЦИЈАТА НА РС МАКЕДОНИЈА 13

06 КОНЦЕПТОТ „ПОЛИЦИЈА ВО ЗАЕДНИЦАТА“ 17

# МЕТОДОЛОШКА БЕЛЕШКА

Испитувањето на јавното мислење беше спроведено од страна на агенцијата Брима од Скопје, преку компјутерски потпомогната телефонска анкета (CATI) на платформата NIPO, во периодот од 23 ноември до 30 ноември 2021 година, на репрезентативен примерок од 1001 испитаник, со маргина на грешка од +/- 3 %.

Методолошката исправност на анкетата е одговорност на Брима, додека прашалникот беше подготвен од страна на истражувачкиот тим на ЕВРОТИНК – Центар за европски стратегии, во соработка со тимот на Брима.

# РЕЗИМЕ - КЛУЧНИ НАОДИ

Граѓаните во моментот на мерењето најголема доверба имаат во Армијата на РС Македонија (47 %), во Претседателот на РС Македонија (31 %), во религиозните заедници (30%), како и во полицијата (25 %), додека најмала доверба имаат во судството (8 %) и обвинителството (8 %). Мора да се истакне дека довербата во институциите е во висока корелација со партиската наклонетост на јавноста – поддржувачите на опозиција се со повисок негативен став за разлика од поддржувачите на политичките партии што се во власта. Исто така, мора да се напомене дека и во ова мерење на јавното мислење, полицијата добива поголема доверба во однос на другите актери на кривичноправниот систем (судството и обвинителството остануваат најнегативно оценети институции).

Кога зборуваме за работењето на полицијата на РС Македонија, доминира негативниот став во евалуацијата на сите мерени аспекти. Сепак, 30 % се со мислење дека полицијата е професионална во своето работење; 26 % дека е ефикасна; 22 % дека е транспарентна; 20 % дека е отчетна; 16 % дека ги зема предвид мислењата и потребите на граѓаните во донесувањето на одлуките за своето работење и во најмал процент дека е полицијата независна од партиските, владините или бизнис-интересите (13 %).

Карактеристиките, какви што се: транспарентноста, отчетноста и инклузивноста при донесувањето на одлуките при работата на полицијата, се параметри што проектот подетално ги анализира. Затоа, заедно со овие аспекти, ова истражување на јавното мислење ги зема предвид и контактот со полицијата, ставовите за внатрешната контрола на полицијата, работата на полицијата во услови на пандемија од КОВИД 19, ставовите за концептот „Полиција во заедницата“, односно ”community policing”.

Наспроти генералната негативна евалуација на работењето на полицијата, граѓаните што имале личен контакт позитивно ја оценуваат професионалноста на полициските службеници во своето работење. Оваа контрадикторност создава впечаток дека генералниот став за работењето на полицијата е профилиран од други фактори (како што е веќе споменатата политичка преференција), а не како став изграден врз основа на личното и конкретно искуство преку непосреден контакт со полициските службеници.

Мал е процентот на граѓаните (1,7 %) што имале потреба да поднесат пријава до внатрешната контрола во полицијата и тие мислат дека внатрешната контрола во полицијата не придонесува за намалување на корупцијата и непрофесионалноста во организацијата.

Во услови на пандемија со КОВИД-19, 13 % имале потреба да контактираат со полицијата за прашања поврзани со пандемијата (да побараат дозвола за движење, да пријават прекршување на мерките за заштита и слично). Интересно е дека, повторно, повеќето од граѓаните што биле во контакт со полицијата за прашањата поврзани со пандемијата се задоволни од самиот контакт. 61 % од граѓаните позитивно ја оценуваат полицијата во извршувањето на своите задачи за време на пандемијата со КОВИД-19.

Во однос на темата во врска со „community policing“, односно „полициското работење во заедницата“, како концепт на полициско работење и организација на работата на полицијата на локално ниво, само 9 % од сите испитаници слушнале за овој концепт. Овие испитаници позитивно го оценуваат функционирањето на концептот „Полиција во заедницата“.

Уште помал е процентот на испитаниците (5,4 %) што се запознаени со улогата и работата на Локалниот совет за превенција во својата општина.
Ова наведува на заклучок дека промоцијата/информираноста на јавноста за концептот „Полиција во заедницата“, како и за работењето на Локалниот совет за превенција (ЛСП) треба да се засили и да се промовира, т.е. да добие многу поширока афирмација.

# ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ

За мерење на довербата на граѓаните во институциите на државата е користена мерна скала од 1 до 5, каде што 1 = воопшто немање доверба, а 5 = имање целосна доверба (Графикон 1).

Графикон 1:

**На скала од 1 до 5, каде што 1 значи дека воопшто немате доверба, а 5 дека имате целосна доверба, колку им верувате на секоја од следниве институции:**




Најголема доверба граѓаните имаат во Армијата на РС Македонија (47 %, како збир на одговорите 5 и 4), потоа во Претседателот на РС Македонија (31 %), како и во религиозните заедници (30 %). Во полицијата доверба имаат 25 % од граѓаните на РС Македонија.

Најмала доверба е пројавена во судството (8 %) и во обвинителството (8 %).

Кога зборуваме за полицијата, довербата е детерминирана од партиската преференција, па така 43 % од поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ воопшто немаат доверба во полицијата, наспроти 7 % од поддржувачите на СДСМ. Агрегирано (оценка 1+2), тоа покажува дека половина (52 %) од поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ немаат доверба во полицијата, наспроти 22 % од поддржувачите на СДСМ.

Кај албанскиот блок партии во повисок процент доминира оценката „3“ (ниту „да“ ниту „не“) Доверба (агрегат од одговори 4+5) имаат: 50 % од поддржувачи на СДСМ, 45 % од поддржувачите на ДУИ, 18 % од Алијанса за Албанците, 16 % од БЕСА, 14 % од ВМРО-ДПМНЕ.

# ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ПОЛИЦИЈАТА

Досегашните теми и приказот на резултатите од истражувањето на јавното мислење се подлога за следниот продлабочен сет прашања во врска работењето на полицијата.

Овој сет прашања се однесува за перцепцијата на граѓаните за работењето на полицијата: нејзината професионалност, транспарентноста, независноста во работењето, ефикасноста, отчетноста и работењето во интерес на потребите на граѓаните (Графикон 2).

Графикон 2:

Сега ќе ви прочитам неколку искази за работата на полицијата и би ве замолил/а да кажете колку се согласувате со секој од нив.

Имаме скала од 1 до 5, каде што 1 значи дека воопшто не се согласувате, додека 5 значи дека целосно се согласувате со исказот:

**T2_1:** Полицијата во Македонија е професионална во својата работа.

**T2_2:** Полицијата во Македонија е транспарентна за своето работење.

**T2_3:** Полицијата во Македонија е ефикасна во своето работење.

**T2_4:** Полицијата во Македонија е независна од партиските, владините или бизнис интересите.

**T2_5:** Полицијата во Македонија е отчетна во своето работење.

**T2_6:** Полицијата во Македонија ги зема предвид мислењата и потребите на граѓаните во донесувањето одлуки за своето работење.



Позитивно мислење за работењето на полицијата (агрегација на одговорите 4 и 5) е во граници од 30 % за исказот дека полицијата во Македонија е професионална во својата работа до 13 % дека е независна од партиските, владините или бизнис-интересите.

Наспроти ова, преовладува негативното мислење за сите мерени аспекти за работењето на полицијата – од 35 % дека полицијата е непрофесионална, до 62 % дека не е независна од партиските, од владините или од бизнис-интересите.

Во продолжение, краток дескриптивен бриф за секој од мерените аспекти (агрегати на одговорите 4 и 5 = се согласуваат со исказот, од една страна, и/или 1+2 = не се согласуваат со исказот, од друга страна).

## За **ПРОФЕСИОНАЛНОСТА** на полицијата

Македонците во повисок процент сметаат дека полицијата не е професионална (41 %), во однос на етничките Албанци (25 %). Ова мислење го делат поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ (57 %) и на Левица (46 %), во однос на СДСМ (17 %); потоа 40 % од граѓаните од урбаните средини, наспроти 29 % од руралните средини. Испитаниците од Полошкиот Регион во помал процент (23 %) сметаат дека е полицијата непрофесионална во однос на другите региони (во опсег од 32 % до 48 %).
Согласност дека полицијата е професионална има кај 51 % од поддржувачите на СДСМ и 67 % од ДУИ, како и 40 % од БЕСА.

## За **ЕФИКАСНОСТА** на полицијата

Македонците во повисок процент сметаат дека полицијата не е ефикасна во своето работење (44 %), наспроти етничките Албанци (29 %). Граѓаните со повисоко образование (47 %) се со став дека полицијата е неефикасна, во однос на оние со средно и пониско образование. Неефикасноста на полицијата е истакната од 58 % од поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ (58 %) и на Левица, во однос на 21 % од СДСМ. Во Полошкиот Регион помал процент смета дека е полицијата неефикасна (27 %), во однос на другите региони (од 33 % до 52 %).
Согласност со исказот дека е полицијата ефикасна во повисок процент има кај поддржувачите на СДСМ (48 %) и на ДУИ (57 %).

## За **ТРАНСПАРЕНТНОСТА** на полицијата во своето работење

И за транспарентноста во работењето на полицијата преовладува генерално негативниот став на јавноста (40 %), наспроти позитивниот став (22%). И тука партиската определба е детерминатор на креирање на јавното мислење – поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ (59 %) и на Левица (66 %) изјавуваат дека нема транспарентност во работењето на полицијата, за разлика од нискиот процент кај поддржувачите на ДУИ (8 %) и на СДСМ (16%) што го делат ова мислење. Исказот дека полицијата е транспарентна во своето работење го поддржуваат: 47% од СДСМ и 36% од ДУИ.

## За **ОТЧЕТНОСТА** на полицијата

46 % од испитаниците се со мислење дека полицијата не е отчетна за своето работење, а 20 % дека е отчетна. „Не е отчетна" изјавуваат 69 % од поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ, 76 % од Левица, 43 % од Алијанса на Албанците, како и 52 % од испитаниците од урбаните средини.

Согласност со исказот дека е полицијата отчетна во повисок процент има кај поддржувачите на СДСМ (43 %) и на ДУИ (51 %).

## Полицијата **ГИ ЗЕМА ПРЕДВИД МИСЛЕЊАТА И ПОТРЕБИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ** во донесувањето на одлуките за своето работење

Негативен став: 53 %; позитивен; 16 %. Негативниот став е во повисок процент кај Македонците, испитаниците со средно образование, 71 % од поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ, 66 % од оние на Левица, 27 % од СДСМ, 14 % од ДУИ.

Позитивен став: 38 % од СДСМ, 27 % од ДУИ.

## За **НЕЗАВИСНОСТА НА ПОЛИЦИЈАТА ОД ПАРТИСКИТЕ, ОД ВЛАДИНИТЕ ИЛИ ОД БИЗНИС-ИНТЕРЕСИТЕ**

Во однос на овој аспект, јавноста во највисок процент е со негативен став: 62 % сметаат дека полицијата не е независна во своето работење од партиските, од владините или од бизнис-интересите, наспроти само 13 % што сметаат дека се независни.

Негативен став: 66 % од постарите испитаници; 73 % во Вардарскиот Регион; 87 % од ВМРО-ДПМНЕ, 76 % од Алијанса на Албанците, 70 % од Левица, а во понизок процент – 33 % од СДСМ и 21 % од ДУИ.

Позитивен став (полицијата е независна од влијание на партиските, на владините или на бизнис-интересите) имаат: 40 % од СДСМ и 23% од ДУИ.

Половина од испитаниците (51 %) изјавуваат дека полицијата ќе ги заштити во случај нивната безбедност да биде загрозена, наспроти 43 % што сметаат дека нема да бидат заштитени (Графикон 3).

Графикон 3:

Доколку вашата безбедност е загрозена, дали сметате дека полицијата ќе ве заштити?




И за ова хипотетичко прашање присутно е влијанието на партиската определба при формирањето на мислењето, па така 69 % од поддржувачите на СДСМ, 72 % од ДУИ, 54 % од Левица и во помал процент (37 %) од ВМРО-ДПМНЕ сметаат дека ќе бидат заштитени од полицијата во случај да бидат загрозени. Наспроти, ова во повисок процент поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ (61 %) сметаат дека нема да бидат заштитени од полицијата.

## Збирно во два збора:

Партиската преференција е многу силен дискриминативен фактор за формирањето на јавното мислење за работењето на полицијата – поддржувачите на опозицијата во висок процент имаат негативен став за работењето на полицијата, за разлика од поддржувачите на партиите на власт. Етничката припадност, регионалната припадност, возрасната структура или степенот на образование се дефинитивно минорно дискриминативни фактори, што се однесува до мерните аспекти за работењето на полицијата на РС Македонија.

# ЛИЧНО ИСКУСТВО СО ПОЛИЦИЈАТА НА РС МАКЕДОНИЈА

Во понатамошниот тек на истражувањето на испитаниците им е поставен сет прашања за нивното лично искуство со полицијата. Па, така, 14 % од испитаниците имале контакт со полицијата на РС Македонија, од кои половина (7 %) биле иницирани од страна на самите испитаници, а другата половина (7 %) била иницирана од страна на полицијата (Графикон 4).

Овие испитаници (14 % од вкупниот број) што имале контакт со полицијата, дополнително се запрашани дали полициските службеници биле професионални во своето работење. Речиси две третини, поточно 71 % од прашаните (што е, всушност, 10 % од сите испитаници), изјавуваат дека полициските службеници биле професионални во своето работење.

Графикон 4:

**Т4:** Дали во последните 24 месеци сте имале контакт со полицијата?

**Т4а:** Доколку е одговорот ДА, дали контактот го инициравте Вие или полицијата?

**Т4б:** Дали полициските службеници беа професионални во својата работа?



Интересно е да се потенцира дека во случајот на испитаниците со лично искуство со полицијата, нивниот став во однос на професионалноста на полициските службеници е позитивен, односно различен од генералниот негативен став за професионалноста искажан во претходните прашања. Ова наметнува дилема дека формираниот генерален став за работењето на полицијата е моделиран/профилиран/детерминиран од други фактори, а не врз основа на личното искуство.

Само 1,7% од сите испитаници (односно 17 испитаници) имале потреба да поднесат пријава до внатрешната контрола на полицијата. Овие испитаници дополнително се запрашани дали сметаат дека внатрешната контрола во полицијата придонесува за намалување на корупцијата и на непрофесионалноста во организацијата. 11 од нив мислат дека внатрешната контрола не придонесува за намалување на корупцијата и на непрофесионалноста во полицијата. Генерално, ова треба да се прифати само како индикатор, со оглед на малата статистичка маса како основа за пошироко генерализирање (Графикон 5).

Графикон 5:

**T5:** Дали сте имале потреба да поднесете пријава до внатрешната контрола на полицијата?

**T5a:** Дали внатрешната контрола на полицијата придонесува за намалување на корупцијата и на непрофесионалноста во организацијата?




Во контекст на „личното искуство“, во периодот кога пандемијата на КОВИД 19 е активна, испитаниците беа запрашани дали контактирале со полицијата за прашања поврзани со пандемијата (побарале дозвола за движење, пријавиле прекршување на мерките за заштита и слично)?

13 % од испитаниците контактирале со полицијата за прашања поврзани со пандемијата. Во повисок процент контакт со полицијата имале граѓаните на средна возраст (35–54 год.). Во слична пропорција се контактите со полицијата во сите региони, како и според етничка припадност (Графикон 6).

Графикон 6:

**Т6:** Дали сте имале потреба да контактирате со полицијата за прашања поврзани со пандемијата (да побарате дозвола за движење, да пријавите прекршување на мерките за заштита и слично)?

**Т6а:** Колку сте задоволни или незадоволни од остварениот контакт со полицијата?







Повеќе од две третини (69%) од запрашаните што имале контакт со полицијата за прашања поврзани со пандемијата, контактот го оценуваат со позитивна оценка (агрегација на одговорите 4+5). Ова претставува, всушност, 9 % од сите испитаници, наспроти 2 % од сите испитаници што се незадоволни од остварениот контакт. И во овој случај на личен контакт со полицијата, доминира позитивната евалуација во однос на негативната.

Поврзано со пандемијата со КОВИД 19, испитаниците се замолени да дадат своја оценка за тоа како ги извршува полицијата своите задачи во време на пандемијата со КОВИД 19 (Графикон 7).

Графикон 7:




Треба да се истакне дека речиси две третини (61 %) даваат позитивна оценка (збир на оценките 4 и 5), наспроти 12 %, кои даваат негативна оценка и 27 %, кои се неутрални.

И ова прашање може да се смета дека е „општо (генерално)" прашање, каде што формирањето на ставот е под влијание на „партиската определеност", па така поддржувачите на ВРМО-ДПМНЕ во повисок процент даваат негативни оценки, за разлика од поддржувачите на СДСМ или на ДУИ, кои во повисок процент даваат позитивни оценки.

# КОНЦЕПТ „ПОЛИЦИЈА ВО ЗАЕДНИЦАТА“

Една од темите на ова истражување е и мерење на свесноста и евалуација на концептот „Полиција во заедницата“ („Community policing“), односно „полициското работење во заедницата“, како концепт на полициско работење и организација на работата на полицијата на локално ниво.

Овој концепт на полициска организација и на полициско работење во заедницата доминантно го поставува прашањето за градење однос на меѓусебна доверба и соработка меѓу полицијата и граѓаните, и акцентот го става на превентивниот и на проактивниот пристап, кој се темели на проблемски ориентираното полициско работење на локално ниво.

Резултатите од истражувањето покажуваат дека само 9 % од сите испитаници слушнале за овој концепт (Графикон 8), и тоа во повисок процент помладите испитаници, како и испитаници што се со повисоко образование. Свесноста за овој концепт е во слична пропорција низ сите региони во РС Македонија (во опсег од 4 % во Пелагониски до 11 % во Скопскиот Регион).

Графикон 8:

**Т8:** Дали сте слушнале за концептот „Полиција во заедницата”?

**Т8а:** Со која оценка би го оцениле функционирањето на концептот „Полиција во заедницата“, користејќи оценка од 1 до 5 како во училишниот систем?



Во продолжение, испитаниците што слушнале за овој концепт (9 % од сите испитаници) го оценуваат функционирањето на концептот „Полиција во заедницата“ со оценка како во училишниот систем во РС Македонија. Мнозинството, повеќе од три четвртини (а, тоа се, всушност, 7 % од сите испитаници), даваат позитивна оценка (збир од оценки 3+4+5).

Ова наведува на заклучок дека промоцијата/информираноста на јавноста за овој концепт треба да се засили, а самото функционирање е позитивно оценето.

Во контекст на овој концепт, сите испитаници се запрашани дали се запознаени со улогата и работата на Локалниот совет за превенција (ЛСП) во нивната општина.

Само 5 % од сите испитаници се запознаени со улогата и работата на Локалниот совет за превенција во својата општина (Графикон 9).

Графикон 9:

**Т9:** Дали сте запознаени со улогата и работата на Локалниот совет за превенција во Вашата општина?




Испитаниците со повисоко образование во повисок процент се запознаени со улогата и работата на Локалниот совет за превенција.

## Забелешка:

Испитаниците со повисоко образование, во принцип, се граѓани што повеќе се интересираат и повеќе се запознаени со функционирањето и работата на локалната заедница, па и со работата на полицијата во својата општина.

Генерално, и за Локалниот совет за превенција (ЛСП) важи истата препорака – потребна е засилена кампања/промоција на улогата и функционирањето на ЛСП, која значително помага за градење доверба и подобрување на партнерството меѓу институциите, локалната самоуправа и граѓаните.

ЕВРОТИНК
ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ
CENTER FOR EUROPEAN STRATEGIES
EUROTHINK
eurothink.mk

NED
NATIONAL ENDOWMENT FOR DEMOCRACY
SUPPORTING FREEDOM AROUND THE WORLD

24 поглавје

ЕВРОМЕТАР